МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# *Презентација од едукацијата во Клинички центар Србија-Клиника за Нефрологија*

*ЈЗУ Завод за Нефрологија Струга*

*Клинички Центар Србија-Клиника за Нефрологија од 31.Октомври до 25.Ноември 2016 г*

*Др.Наташа Талеска-Матовска спец.интернист*

*Датум на презентација: 26. 01. 2017 год*

Во периодот од 31.10.до 25.11.2016 год.од страна на Министерството за Здравство ми беше овозможен едукациски престој во КЦС односно на Нефролошката Клиника во склоп на истиот.
Во склоп на оваа едукација сакав да се запознаам со работата на Нефролошката Клинка,со сите дијагностички и тераписки процедури што се изведуваат на Клиниката,со посебен интерес од областа на ехотомографијата , особено на УТ.
Истото тоа ми беше овозможено од страна на стручниот тим на Клиниката раководен од директорот Проф.Радомир Наумовиќ.

**Клиниката за Нефрологија** претставува водечка здравствена и научно-образовна установа за дијагностика и лечење на бубрежните заболувања во Р.Србија.

**Внатрешна организација**

Поликлиничко-дијагностичка служба

1.Оддел за амбулантско лечење и дијагностика на бубрежните заболувања

2.Дневна болница

Служба за стационарно лекување

1.Оддел за клиничка нефрологија и имунологија

2.Оддел за трансплантациона нефрологија

3.Оддел за интензивна нефрологија

4.Оддел за перитонеална дијализа

5.Оддел за хемодијализа

6.Оддел за интензивно екстракорпорално лекување

**Кабинети**

1.Кабинет за УЗ и интервентна Нефрологија

2.Кабинет за координација на трансплантација

3.Кабинет за домашна хемодијализа

-Операциона сала за поставување на катетри за перитонеална дијализа.

На Клиниката се испитуваат и лечат:

-Сите бубрежни заболувања

-Ургентни Нефролошки состојби

-Претрансплантациона припрема на реципиенти и донори за трансплантација

-Компликации по трансплантација

-Се врши хронична програма за ХД,се контролираат и лечат болните на домашна ХД и перитонеална дијализа.

-Се дава нефролошка поддршка и лечење на болни кои се хоспитализирани на други клиники.

-Биопсија на бубрези,клинички,лабораториски и функционални дијагностички методи.

Во тек на мојот престој на Клиниката, првата недела бев распределена на одделот за општа Нефрологија, каде што имав можност да се запознаам со функционирањето на истиот, особено во третманот на нефротскиот синдром,гломерулонефритите, а пред се во нивната дијагностика преку изведување на бубрежни биопсии(присуствував при изведување на четири бубрежни биопсии).

Во склоп на истиот оддел функционира и Ехо кабинетот, при што присустувув при ехотомографскиот преглед на секој новопримен болен.

Во тек на втората недела престојував на одделот за хемодијализа, каде се запознав со методата на хемодијафилтрација.



МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Третата недела-оддел за перитонеална дијализа:припрема на пациентите за перитонеална дијализа(поставување на еден перитонеален катетер) и изведување на постапката на CAPD и APD .

Четврта недела –оддел за акутна хемодијализа



За цело време на престојот имав можност да присуствувам и при поставување на југуларни катетри,како привремен пристап за ХД.

Секојдневно присуствував при изведувањето на прегледи во Ехо кабинетот на одделот како и во Нефролошката амбуланта.

Во склоп на едукацискиот престој присуствуав на  Српскиот Нефролошки Конгрес  со меѓународно учество,кој се одржа во периодот од 03.до 06.Ноември 2016 год.,каде имав можност да слушнам предавања и нови информации од областа на Нефрологијата.

# Заклучок

Сметам дека оваа едукација ќе ми помогне во натамошното работење во областа на Нефрологијата во мојата Матична установа ,особено во поглед на ултразвучната дијагностика.